РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 01-04-2026
Орг. един: 09 | Број: 1772/1 | Прилог: | Вредност:

До
Даниел Јаневски
Претседател на Советот
на Општина Велес

**РЕДМЕТ:** *Извештај за работата на Општонскиот Совет за превенција на детско престапништво за 2025 година*
**ВРСКА:** Општински Совет за превенција на детско престапништво на Општина Велес

Почитуван г-дине Јаневски,

Во прилог на дописов, Ви доставуваме: *Извештај за работата на Општинскиот Совет за превенција на детско престапништво за 2025 година*, со цел истиот да биде поставен како точка на дневен ред на следна седница на СОВ.

Оваа обврска на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво, е во согласност со Законот за правда за децата (Службен весник на РСМ бр.66/24), регулирана во чл.182, со кој општинските совети за превенција на детско престапништво, донесуваат годишни програми за работа и најмалку еднаш годишно го известуваат Советот на општината и Државниот совет за превенција на детско престапништво за својата работа.

Со почит,

Општински Совет за превенција
на детско престапништво

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Совет на општината
ОПШТИНА ВЕЛЕС

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2025 ГОДИНА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 01-04-2026
Орг. един: 09 - Број: 1772/2 Прилог: Вредност:

*Општински совет за превенција на детско престапништво во Општина Велес*

*До Совет на Општина Велес*
*март 2026*

## ВОВЕД

За спречување на деструктивен облик на однесување кај децата и локално превентивно делување заради зголемениот пораст на деца со вакво поведение кои докажаа дека детското престапништво е општествен проблем, на предлог на градоначалникот, Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.05.2012 година, донесе Одлука за формирање на Општински совет за превенција на детско престапништво. („Сл.гласник на Општина Велес бр.3/12 и 3/14)

Моменталниот состав на ОСПДП брои 23 членови. Во составот на Општинскиот совет влегуваат 3 члена од Советот на Општина Велес, лица од установи и институции кои работат со деца, претставници од сите основни и средни општински училишта, СВР Велес – Одделение за превенција, Основен суд Велес, Јавно обвинителство Велес, ЈУМ Центар за социјална работа Велес, ОЈУ ДГ „Димче Мирчев", НВО секторот, адвокатска комора, училишна заедница како и претставници од општинската администрација.

Мандатот на членовите на ОСПДП е пет години со право на повторен избор.

Од редот на членовите на општинскиот совет се избира претседател со мандат од две години, со право на повторно именување.

## НАДЛЕЖНОСТИ НА ОСПДП

Надлежностите на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво се регулирани во Закон за правда за децата („Службен весник на РСМ" бр.66/24 и 55 /25).

- Општинскиот совет за превенција на детско престапништво, донесува годишна програма
- Делпвник за својата работа
- Врши работи за следење на состојбите, во превенција на детското престапништво и третманот на деца сторители на дејства што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци
- Покренуваат иницијативи за нивното подобрување
- Развиваат програми за вклучување на локалната заедница во превенција на детското престапништво и третманот на деца сторители на дејства што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци.
- Најмалку еднаш годишно го известуваат Советот на општината и Државниот совет за својата работа

## МИСИЈА

Детското престапништво го разгледуваме во поширока смисла, покрај дела за кои со закон се предвидени прекршочни или кривични санкции го следиме кршењето на други пишани или непишани правила кои децата ги прават, како што се: неоправдано отсуство или бегање од настава, бегање од дома, дрско, недолично или понижувачко однесување спрема родителите, наставниците, врсниците и воопшто во околината, посета на кладилници-коцкање, конзумирање на алкохол, дружење со лица кои се склони кон вршење

на кривични дела или прекршоци или други облици на општествено неприфатливо однесување.

## ВИЗИЈА

Градење на демократска, безбедна и стимулативна локална заедница насочена кон заштита на децата од било каков облик на неприфатливо однесување, од криминал, насилство или на загрозување на нивните права и слободи, соодветен третман на децата во ризик, децата жртви и сведоци на насилство и кривични дела

## ПОДАТОЦИ ОД ИНСТИТУЦИИ

Во насока на остварување на целите на Годишната програма за препознавање на локалните проблеми, детектирање на клучните ризични фактори, анализа на состојбите и мерки и активности за планирање, спре чување и превенција на општествено неприфатливи облици на однесување на децата, најнапред се пристапи кон добивање официјални податоци за состојбата со детското престапништво на територијата на Општина Велес од надлежните институции кои се должни да ја водат оваа евиденција односно од: МВР-СВР Велес, ЈУМ Центар за социјална работа Велес, Основниот суд Велес и основните и средните училишта од Општина Велес.

Годишниот извештај на ОСПДП дава преглед на состојбата со детското престапништво на Општина Велеа во 2025 година.

По добивањето на податоците констатирана е следата состојба:

**Годишен извештај за деца во ризик и деца во судир со законот за 2024 година (ЈУМ ЦСР Велес)**

| | |
|---|---|
| **Индикатор 1 Деца во ризик упатени во Центар за социјална работа** | |
| Вкупен број на деца во ризик кои се упатени во ЦСР во текот на 2024 година од страна на други институции или поединци. (согласно чл.19 ст. 2 од ЗПД) | |
| Машки пол | 280 |
| Женски пол | 47 |
| **Вкупно 327** | |
| Број на известувања добиени од: | |
| ✓ МВР 57 | |
| ✓ ЈО 5 | |
| ✓ Училиште 30 | |
| ✓ Родител/старател 2 | |
| ✓ Дете / | |
| ✓ Оштетен / | |
| ✓ Здраствена установа / | |
| ✓ НВО 2 | |
| ✓ Други институции + СУД 231 | |

| Вкупно | 327 |
|---|---|

**Напомена: Многу од малолетниците се повторуваат како сторители на кривични дела или прекршоци преку годината**

| **Индикатор 2** | **Деца жртви на кривични дела евидентирани во Центар за социјална работа** |
|---|---|
| Вкупен број на деца жртви на кривични дела евидентирани во ЦСР во текот на 2024 година. (согласно чл.19 ст.7 од ЗПД) | |
| Машки пол | 13 |
| Женски пол | 10 |
| **Вкупно** | **23** |

| **Индикатор 3** | **Деца во ризик кон кои се применети мерки на помош и заштита во Центар за социјална работа** |
|---|---|
| Вкупен број на деца во ризик кон кои ЦСР применил мерки за помош и заштита во текот на 2024 година. (согласно чл.22 ст.1 од ЗПД) | |
| Машки пол | 258 (нови и повторници) |
| Женски пол | 43 (нови и повторници) |
| **Вкупно** | **301** |

| **Индикатор 4** | **Применети мерки на помош и заштита на деца во ризик во ЦСР** |
|---|---|
| Вкупен број на мерки за помош и заштита применети на деца во ризик од страна на ЦСР во текот на 2024 година. (согласно чл.23 од ЗПД) | |
| Машки пол | 305 кај сите пружана првична помош на воочување на проблемот (шифра 1201)<br>кај сите пружана е и помош на поединец (шифра 1202)<br>кај сите направен увид во домот (шифра 4001)<br>останати применети мерки (1101,2603,1203,2003,2004 поретко) |
| Женски пол | 49 кај сите е дадена првична помош на воочување на проблемот (шифра 1201)<br>кај сите дадена е и помош на поединец (шифра 1202)<br>кај сите направен увид во домот (шифра 4001)<br>останати применети мерки (1101,2603,1203,2003,2004 поретко) |
| **Вкупно** | **354** |

**Важно да се напомене а се надвор од табелата мерки кои се <u>изречени од Судот</u> а такви се вкупно 182 укори спрема малолетници, 8 глоби, 3 упатени во ВП Дом и 19 мерки на засилен надзор од Центарот.**

| **Индикатор 5** | **Деца кои оствариле право на бесплатна правна помош во ЦСР за присуство на адвокат** | |
|---|---|---|
| Број на деца кои во ЦСР оствариле право на присуство на адвокат во текот на 2024 година.(чл.25 ст.3 и 4 од ЗПД) | | |
| Број на деца во ризик до 14 години. (чл.25 ст.3 од ЗПД) | Машки пол | Женски пол |
| | / | / |
| Број на деца во ризик над 14 години. (чл.25 ст.4 од ЗПД) | / | / |
| Вкупно | / | |

| Индикатор 6 | Деца во ризик вклучени во постапка за посредување во Центар за социјална работа | |
|---|---|---|
| Вкупен број на деца во ризик спрема кои ЦСР спровел постапка на посредување во текот на 2024 година. (чл.30 ст. 1 и 2 од ЗПД) | | |
| Број на деца за кои е постигната спогодба за посредување. (чл.30 ст. 2 од ЗПД) | Машки пол | Женски пол |
| | / | / |
| Број на деца за кои не е постигната спогодба за посредување. (чл.30 ст. 2 од ЗПД) | / | / |
| **Вкупно** | / | / |

| Помош на деца од страна на ЦСР по излегување од установа<br>Индикатор 7 | | |
|---|---|---|
| Број на деца на кои им е запрено извршувањето на заводската мерка - Упатување во воспитна установа /Воспитно - поправен дом и деца на кои им престанала казната - Затвор за деца, во текот на 2024 година | Машки пол | Женски пол |
| | / | / |
| Вкупно: | / | / |
| Број на деца кои добиле помош од ЦСР по излегување од: | Машки пол | Женски пол |
| | | |
| Воспитна установа | / | / |
| ВП Дом – Тетово | / | / |
| Затвор за деца | / | / |
| **Вкупно** | / | / |

| Индикатор 8 | Деца за кои се води прекршочна постапка |
|---|---|
| Вкупен број на деца за кои се води прекршочна постапка од страна на судот и е побарано мислење од ЦСР во текот на 2024 година. | |
| Машки пол | 191 |
| Женски пол | 8 |
| **Вкупно** | **199** |

## Годишен извештај за деца во ризик и деца во судир со законот за 2025 година (ЈУМ ЦСР Велес)

| Индикатор 1 | Деца во ризик упатени во Центар за социјална работа |
|---|---|
| Вкупен број на деца во ризик кои се упатени во ЦСР во текот на 2025 година од страна на други институции или поединци. (согласно чл.26 ст. 3 од ЗПД) | |
| | |

| | |
|---|---|
| Машки пол | 345 |
| Женски пол | 51 |
| Вкупно | **396** |
| Број на известувања добиени од: | |
| ✓ МВР 70 | |
| ✓ ЈО 5 | |
| ✓ Училиште 31 | |
| ✓ Родител/старател 1 | |
| ✓ Дете | / |
| ✓ Оштетен | / |
| ✓ Здраствена установа | / |
| ✓ НВО | / |
| ✓ Други институции + СУД | 16 +273 |
| **Вкупно 396** | |

| **Индикатор 2** | **Деца жртви на кривични дела евидентирани во Центар за социјална работа** |
|---|---|
| Вкупен број на деца жртви на кривични дела евидентирани во ЦСР во текот на 2025 година. (согласно чл.21 ст.1 алинеја 8 од ЗПД) | |
| Машки пол | 6 (**број на деца жртви кога сторителот бил полнолетно лице)** |
| Женски пол | 7 (**број на деца жртви кога сторителот бил полнолетно лице)** |
| Вкупно: | **13** (**број на деца жртви кога сторителот бил полнолетно лице)** |
| Машки пол | **16** (**број на деца жртви кога сторителот бил дете во судир со законот)** |
| Женски пол | **6** (**број на деца жртви кога сторителот бил дете во судир со законот)** |
| Вкупно | **22** (**број на деца жртви кога сторителот бил дете во судир со законот)** |

| **Индикатор 3** | **Деца во ризик кон кои се применети мерки на помош и заштита во Центар за социјална работа** |
|---|---|
| Вкупен број на деца во ризик спрема кои ЦСР применил мерки за помош и заштита во текот на 2025 година. (согласно чл.24 ст.1 од ЗПД) | |
| Машки пол | 345 (нови и повторници) |
| Женски пол | 51 (нови и повторници) |
| **Вкупно** | **396** |

| **Индикатор 4** | **Применети мерки на помош и заштита на деца во ризик во ЦСР** |
|---|---|
| Вкупен број на мерки за помош и заштита применети на деца во ризик од страна на ЦСР во текот на 2025 година. (согласно чл.25 од ЗПД) | |
| Машки пол | 1035 |
| Женски пол | 153 |

| Вкупно | 1188 |
|---|---|

| Индикатор 5 | Деца кои оствариле право на бесплатна правна помош во ЦСР за присуство на адвокат | |
|---|---|---|
| Број на деца кои во ЦСР оствариле право на присуство на адвокат во текот на 2025 година.(чл.27 ст.3 од ЗПД) | | |
| Број на деца во ризик до 14 години | Машки пол | Женски пол |
| | / | / |
| Број на деца во ризик над 14 години | / | / |
| Вкупно | / | |

| Индикатор 6 | Деца во ризик вклучени во постапка за посредување во Центар за социјална работа | |
|---|---|---|
| Вкупен број на деца во ризик спрема кои ЦСР спровел постапка на посредување во текот на 2025 година. (чл.32 од ЗПД) | | |
| Број на деца за кои е постигната спогодба за посредување. (чл.32 ст.3 од ЗПД) | Машки пол | Женски пол |
| | / | / |
| Број на деца за кои не е постигната спогодба за посредување. (чл.32 ст.2 од ЗПД) | / | / |
| **Вкупно** | / | / |

| Индикатор 7 | Помош на деца од страна на ЦСР по излегување од установа | |
|---|---|---|
| Број на деца на кои им е запрено извршувањето на заводската мерка - Упатување во воспитна установа /Воспитно - поправен дом и деца на кои им престанала казната - Затвор за деца, во текот на 2025 година | Машки пол | Женски пол |
| | 2 | / |
| Вкупно: | 2 | / |
| Број на деца кои добиле помош од ЦСР по излегување од: | Машки пол | Женски пол |
| Воспитна установа | 2 | / |
| ВП Дом – Тетово | / | / |
| Затвор за деца | / | / |
| **Вкупно** | **2** | / |

| Индикатор 8 | Деца за кои има барање за спроведување на прекршочна постапка |
|---|---|
| Вкупен број на деца за кои се води прекршочна постапка од страна на судот и е побарано мислење од ЦСР во текот на 2025 година (Согласно чл.161 ст.1 од ЗПД) | |
| Машки пол | 244 |
| Женски пол | 8 |
| **Вкупно** | **252** |

Според податоците добиени од **МВР-СВР Велес во тек на 2024** година врз основа на законските одредби од Законот за правда на децата постапки со деца кои СВР Велес ги водела се:

- ✓ 15 деца, извршиле 12 кривични дела и тоа:
  - Кривично дело по член 251 ст.2 оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем (двајца сторители)
  - Кривично дело по член 130 ст.2 телесна повреда (еден сторител)
  - Кривично дело по член 236 ст.1 тешка кражба (двајца сторители)
  - Кривично дело по член 188 ст.1 силување на дете кое не наполнило 15 години (еден сторител)
  - Кривично дело по член 215 ст.1 неовластено производство и пуштање во промет на наркотички droги, психотропни супстанции и прекурсории 216 ст.1 овозможување на употреба наркотички дроги (еден сторител)
  - Кривично дело по член 236 ст.1 т.3 тешка кражба (двајца сторители)
  - Кривично дело по член 235 ст.1 кражба (двајца сторители)
  - Кривично дело по член 251 ст.1 оштетување и неовластено навлегување во копјутерски систем (двајца сторители)
  - Кривично дело по член 141 ст.2 Грабнување и 186 ст.2 полов напад и силување (еден сторител)
  - Кривично дело по член 386 ст.3 насилство (еден сторител)

- ✓ Од старна на Полициска станица од Општа надлежност Велес, констатирано дека прекршител на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата е едно лице и 8 малолетни лица што направиле прекршок по други закони а за кои има изготвено известување во соработка со ЦСР Велес.
- ✓ Од страна на Полициска станица за безбедност на патниот сообраќај Велес издадени се 108 записници на малолетни лица за сторни пркршоци од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Закон за возила.

**Во тек на 2025** година врз основа на законските одредби од Законот за правда на децата постапки со деца кои СВР Велес ги водела се:

- ✓ Број на доставени акти до ЦСР Велес за деца како жртви на семејно насилство изнесува 9 (девет) деца.
- ✓ Број на сторители на кривични дела изнесува 3(три) деца.
- ✓ Број на деца инволвирани при извршување на кривични дела изнесува 18 (осумнаест) деца.
- ✓ Во тековна 2025 година повикани се 26 (дваесет и шест) деца, а 7 (седум) деца се лишени од слобода.
- ✓ Во прекршочна постапка се евидентирани до 16 години се 40 (четириесет) деца и од 16-18 години се 140 (сто и четириесет) деца.

Според податоците од **Основен суд Велес, во 2024 година,** водени постапки со деца, согласно законските одредби од Законот за правда на децата, се:

- ✓ Вкупно 299 прекршочни постапки со деца од уписникот ПРК-М од кои, 84 предмети останати од предходната година, примени се 215 предмети, решени се 217 предмети и останале нерешени 82 предмети.

- ✓ Водени се вкупно 40 кривични постапки со деца од уписникот КМ, од кои 15 предмети останати од предходната година, примени се 25 предмети, решени се 29 предмети и останале нерешени 11 предмети.

**Во 2025 година** водени постапки со деца, согласно законските одредби од Законот за правда на децата, се:

- ✓ Вкупно 317 прекршочни постапки од уписникот ПРК-М од кои, 82 предмети останати од предходна 2024 година и новопримени се 235 предмети.

- ✓ Водени се вкупно 28 кривични постапки со деца од уписникот КМ, од кои 18 предмети останати од предходна 2024 година и новопримени се 17 предмети.

## АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ

Во тековната 2025 година, ОСПДП ги следеше и документираше состојбите врз основа на 8 стандардни индикатори, развиени според меѓународни стандарди, земајќи ги предвид локалните приоритети и специфичности. Врз основа на добиените и анализирани податоци доставени од 3 институции согласно индикаторите, во 2025 година може да се изведат следните заклучоци:

Преку анализа на податоците од постојната документација на ЈУМ ЦСР, констатирана е следната состојба:

- ✓ Вкупниот број на деца во ризик, кои се упатени во ЦСР, од страна на други институции или поединци (согласно чл.26 ст. 3 од ЗПД) во текот на 2025 година споредбено со 2024 година е зголемена за 21 %. (Индикатор 1)

- ✓ Вкупен број на деца жртви на кривични дела евидентирани во ЦСР (согласно чл.21 ст.1 алинеја 8 од ЗПД) во текот на 2025 година споредбено со 2024 година е зголемена за 9%.(Индикатор 2)

- ✓ Деца во ризик кон кои се применети мерки на помош и заштита во Центар за социјална работа (согласно чл.24 ст.1 од ЗПД) во текот на 2025 година споредбено со 2024 година е зголемена за 31,5%. (Индикатор 3)

- ✓ Вкупен број на деца за кои се води прекршочна постапка од страна на судот и е побарано мислење од ЦСР во текот на 2025 година споредбено со 2024 година е зголемена за 27%.(Индикатор 8)

Со анализа на податоците евидентно е дека зголемен е бројот на деца во ризик, кои се упатени во ЦСР, од страна на други институции или поединци и број на деца во ризик кон кои се применети мерки на помош и заштита само кога центарот за социјална работа ќе оцени дека состојбата на ризик се одразува врз развојот на личноста на детето и неговото правилно воспитување.

Со анализа на податоците од Основен суд, забележано е зголемување во бројот на постапки против деца сторители на прекршоци за 6%, намален е бројот на деца жртви на кривични дела за 30%.

Со анализа на податоците од МВР-СВР Велес, забележано е зголемување во бројот на постапки против деца сторители на прекршоци а намален е бројот на деца сторители на кривично дело.

## ПРОГРАМА И АКЦИСКИ ПЛАН

Општинскиот совет за превенција на детско престапништво подготви Програма за работа на ОСПДП за 2025 година и ја достави до Советот на Општина Велес, истата е усвоена од страна на Советот на Општина Велес.(„Службен гласник на Општина Велес“ бр.14/24)

За реализација на годишната програма изработен и Акциски план кој составен дел на програмата.

Активности кои редовно ќе се спроведуваат во општински основни и средни училишта:

- Едукативни работилници, предавања со презентации, за врсничко насилство со целни груи ученици и родители
- Едукативни работилници, предавања со презентации за болести на зависности
- Едукативни работилници, предавања со презентации за безбедност во сообраќајот
- Едукативни работилници, предавања со презентации за ментално здравје

## ФОКУС НА ДЕЛУВАЊЕ

При реализација на  за превенција на детско престапништво акцентот е ставен на примарната превенција со примена на универзалните принципи насочени кон:

- ✓ воведување на содржини за креативно организирано слободно време на децата;
- ✓ воведување на конструктивни форми за едукативни содржини;
- ✓ спречување и заштита на децата од криминал;
- ✓ превенција од насилство и било каков облик на загрозување на нивните права и слободи;
- ✓ градење добри релации за толеранција и меѓусебна соработка на децата;
- ✓ мрежно институционално работење;
- ✓ јакнење на свеста за заемна доверба и самодоверба;
- ✓ актуелизација и сензибилизација на јавноста;
- ✓ транспарентност.

## ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

**Реализирани активности:**

- Изработена Програма за работа
- Подготвен Акциски план

- Изготвени дописи за собирање и доставување на податоци до надлежни институции, кои го третираат проблемот на детското престапништво на подрачјето на општината за бројот на деца кои дошле во судир со законот во изминатата година
- Обезбедени податоци од институции кои го третираат проблемот на детското престапништво на подрачјето на општината за бројот на деца кои дошле во судир со законот во изминатата година
- Обработка на податоците и анализа на состојбата на детското престапништво во Општина Велес во 2025 година споредбено со 2024 година.
- Подготвен Извештај за работа
- Доставен Извештај до Совет на Општина Велес
- Доставен Извештај до Државен совет

## РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ

Согласно програмата и акцискиот план за 2025 година, до ОСПДП извештај за реализирани превентивни активности за превенција на детско престапништво има доставено од ООУ „Васил Главинов, ООУ „Св. Кирил и Методиј“ и СОУ „Гимназија Кочо Рацин“.

### Извештај за превентивни активности во рамки на Општинскиот совет за превенција од детско престапништво во текот на 2025 година во ООУ„Васил Главинов“ - Велес

Согласно програмата на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво за 2025 година во текот на второто полугодие од учебната 2024/25 и првото полугодие од 2025/26 година во ООУ„Васил Главинов“ се реализираа активности чија цел беше унапредување на менталното здравје на учениците, подигнување на свеста кај учениците за надминување на конфликти, спречување деструктивно однесување и спречување и превенција од насилничко однесување.

Во сите овие активности активно беа вклучени учениците од Ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител каде се промовираа детските права и здравите животни стилови.

Се организираа дебати и кампањи во кои учениците со задоволство учествуваа и дискутираа, даваа свои мислења и сугестии за теми кои се во доменот на нивниот интерес и животни предизвици.



На одделенски часови се презентираа одредбите од **Конвенцијата за правата на детето**, што воедно беше инспирација и поттик на учениците за нивните активности. Учениците под менторство на своите наставници реализираа повеќе работилници на кои активно учество земаа сите ученици од одделенска настава. Тие преку голем број на илустрации и голем број на пораки ја изразија својата креативност и ги презентираа своите права.





ДЕБАТА - **МОИТЕ ПРАВА**
Ученици од VII и VIII одд. дебатираа на тема: „И јас имам права“.
Дете - секој бил, сме и ќе бидат. Имаме права - обврски но и апел: „Дајте ни го најдоброто од Вас за со добро да возвратиме“.

Во рамките на проектот „Безбедност и добросостојба на учениците“ во организација на БРО и МОН во училиштето се реализираа вкупно 558 работилници од областа на унапредување на менталното здравје на учениците од I - IX одд.
Секој од наставниците и стручните соработници организираа различни настани, кампањи и обуки кои имаат за цел да ги разгледаат прашањата околу менталното здравје и да го свртат вниманието за неговото значење.
Добрите идеи за активности поврзани со темата ментално здравје беа: организирање хуманитарни кампањи, предавања за родители и ученици, работилници. Овие активности имаа за цел да им помогне на учениците да станат посвесни и да научат повеќе за менталното здравје и како да го негуваат и практикуваат.

На крајот на месец ноември, во ООУ„Васил Главинов“ - Велес се одржа трибина на тема „Превенција од пиротехнички средства“ преку презентација на истата тема, изготвена од педагошко-психолошката служба на училиштето.

Во соработка со МВР Велес и претставник од Министерство за здравство на 23 декември 2025 год. се реализираше работилница за превенција од злоупотреба на пиротехнички материјали во која беа вклучени 50 ученика.

На оваа едукативна работилница учениците можеа да научат за сите последици и негативни влијанија кои се како резултат на злоупотреба на пиротехнички материјали и зајакнување за свеста за превенција од истите.
Теми на дискусија:
Беа презентирани статистички податоци за повреди настанати како резултат на користење на пиротехнички материјали.

Во текот на месец ноември се спроведоа активности за негативното влијание на екранизацијата. Дебата за „Злоупотреба на мобилните телефони за време на настава“.

Од страна на стручната служба беа реализирани предавања и работилници на тема:„Безбедни училишта, „Конструктивно разрешување на конфликти“, „Здрави животни стилови“, „Превенција од насилство“, „Превенција од сајбер насилство“.

За учениците во ризик или судир со законот се организираа хуманитарни акции, се известуваа соодветни институции, а тимовите за поддршка работеа со тие ученици.

**Извештај за превентивни активности во рамки на Општинскиот совет за превенција од детско престапништво во текот на 2025 година во ООУ „Св.Кирил и Методиј“**

Во рамките на програмите за превенција од дискриминација, насилство, болести на зависност, игри на среќа и малолетничка деликвенција, беа реализирани голем број активности кои имаа за цел да допринесат за подобро здравје кај учениците и демократска клима во училиштето, и намалување на детско престапништво.

- 23 јануари 2025 година, реализирана работилница на тема „Конфликт и негово конструктивно разрешување“. Целна група учениците од осмо одделение. Учениците најпрво преку бура на идеи кажуваа зборови што ги асоцираа на конфликт, потоа се дискутираше околу тоа дека конфликтот ако добро се разреши не прави посилни и го унапредува нашето ментално здравје, дискусија за корените на конфликтот, најчестите физички реакции при конфликт, правила на комуницирање при разрешување на конфликт, и елементи кои го помагаат разрешувањето на конфликтот.

- 26 февруари 2025 година, реализирана работилница на тема „Сајбернасилство“, со учениците од осмо одделение. На меѓународниот Ден на розева маичка стручно лице од одделението за превенција и стручниот соработник психолог пред учениците од осмо одделение реализираа работилница на тема Сајбернасилство", на која учениците научија како безбедно да ги користат социјалните мрежи.

- 2 април 2025 година, Марш организиран од СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ во рамките на проектот „Безбедна училишна средина“, со 20 ученици од деветo одделение, под мотото „Младината против врсничко насилство“ кој произлезе од ученичката иницијатва на учениците од Училишната заедница во рамките на проектот „Безбедна училишна средина“.

- 11 април 2025 година, реализиран Форум театар во европската куќа, организирано од СОУ „Јовче Тесличков“ во рамките на проектот „Безбедна училишна средина“. Учесници на форумот, 21 ученик од деветo одделение.

- 24 март 2025 година, реализирани две работилници на тема „Спречување и борба против трговија со луѓе“.Учениците преку документарен филм, драматизација и дискусија научија што е тоа трговија со луѓе, кој може да биде жртва и со каква цел, кои се основните елементи на тргвијата со луѓе и како да ја препознаат трговија со луѓе. Едукатори на работилниците, стручни лица од НВО „Отворена порта“.

- 24 април 2025 година, реализирана работилница на тема „Девијација и девијантво однесување“. Учениците преку презентација, наставни техники и наставно ливче за формативно оценување, ги научија поимите девијација и девијантно однесување, што е социјализација, кои фактори влијаат врз социјализацијата и појавата на девијантно однесување, кои се карактеристики во однесувањето на девијантен ученик со особен акцент како да се одолее на притисокот на врсниците.

- 28 април 2025 година, проекција на филм во „Киноверзум“ подготвен од учениците на ДСУ „Коле Неделковски“ посетија 21 ученик од деветo одделение. Преку проекцијата на филмот учениците проследија приказна за насилство во училиште.

- ✓ 6 мај 2025 година реализирана работилница на тема „Концепт на идентитет". Учениците од седмо одделение, се запознаа со поимот идентитет, дека идентитеот е променлив и дека можат да влијаат врз неговото обликување.

- ✓ Во пресрет на 16 ноември - Меѓународен ден на толеранција, на 14 ноември 2025 година со учениците од осмо одделение беа реализирани работилници на кои преку различни активности учениците се стекнаа со знаења за важноста на толеранцијата во секојдневното живеење.





- ✓ На 14 ноември 2025 година, учениците од петто одделение со одделенските раководители подготвија и реализираа работилница на која преку интересни активности научија што е толеранција и како да се однесуваат толерантно кон сите што се разликуваат од нас по своето мислење, пол, возраст, етничка припадност, култура...





- ✓ На 17 ноември 2025 година, реализирана е работилница на тема „Градиме мостови", на која учество земаа ученици од ООУ „Рајко Жинзифов". Учениците со ентузијазам и интерес учествуваа во сите активности и успешно применија математички знаења во практична ситуација. Интеракцијата меѓу двете училишта се покажа како позитивно искуство кое придонесе за интеркултурно учење, развој на почит и тимска работа.









- ✓ На 24 ноември 2025година реализирана работилница на тема „Емпатија", а преку содржините од работилницата (воведна гестовна активност за идентификување на емоции, што е емпатија, читање на текст „Жолтото момче" и наставен лист „Како ќе постапиш во следните ситуации", учениците се стекнаа со знаења за емпатијата како способност и вештина да ги препознаеме туѓите чувства.



- ✓ 2 декември 2025 година, работилница од МИМО со ученици од предметна настава од ООУ „Св. Кирил и Методиј" и ООУ „Рајко Жинзифов" с. Оризари.

- ✓ 11 декември 2025 година, работилница на тема „Да се знае за да не се проба", со ученици од осмо и деветo одделение, преку автобиографски приказни, психологот разговараше со учениците за последиците од злоупотреба на наркотични средства.

- ✓ 16 декември 2025 година, реализирана работилница на тема „Девијантно однесување на поединецот во групата", за ученици од осмо одделение На работилницата преку бура на идеи се проценија предзнаењата на учениците на оваа тема, потоа следеше предавање преку презентација и работен лист за учениците. Учениците се стекнаа со сознанија за тоа што е девијантно однесување, кои фактори влијаат врз појавата на девијантно однесување, кои се карактеристики на детето со девијантно однесување. На крајот на учениците им беше даден наставен лист за формативно оценување преку кој учениците можеа да видат што научиле за време на работилницата.






**Извештај за реализирани активности во СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес во 2025 година во рамките на Општинскиот Совет за превенција од детско престапништво**



Во текот на месец април 2025 година, учениците од СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес, организираа марш под мотото „Младината против врсничко насилство“, како дел од проектот „Промоција на безбедна училишна средина“. Настанот беше поддржан од Детската фондација Песталоци, а спроведен во партнерство со неколку релевантни организации.






Во месец април како дел од активностите предвидени за реализација во рамките на проектот „Безбедна училишна средина“, ученици од Гимназија ги посетија основните училишта во градот и заедно со учениците од деветто одделение ја реализираа едукативната работилница на тема „Заедно против врсничко насилство“. Целта на оваа работилница е зајакнати капацитети на основните и средните училишта за превенција и справување со насилство, примена на наставни методи и техники кои поддржуваат и промовираат заштита, учество и еднакви можности за сите ученици и ученички.






Во текот на месец ноември 2025 година, во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, реализирани се две едукативни работилници со ученици од прва и втора година од страна на врснички едукатори на тема: „Преку врсничка медијација до ненасилна комуникација“. Работилниците беа поддржани од проектниот партнер Прва детска амбасада во светот Меѓаши, а нивни претставници имаа консултативна средба со членови од Советот на родители од училиштето. Целта на овие работилници е преку врсничка едукација да се придонесе за подигнување на свеста кај учениците за меѓусебна поддршка и градење позитивна безбедна училишна средина.



Во рамките на кампањата „Без пиротехника за побезбедни празници“, од страна на Клиниката за пластична и реконструктивна хирургија и СВР – Велес, во текот на месец декември 2025 година, реализирано е предавање на тема „Без пиротехника за побезбедни празници“. Целна група ученици од прва година. На предавањето присуствуваше лекар од Клиниката за пластична и реконструктивна хирургија и претставници од СВР – Велес.



Целта на предавањето е да се подигне свеста кај младите за опасностите од користењето на пиротехничките средства и несаканите последици што можат да бидат предизвикани од нивното користење.

## ЗАКЛУЧОК

**Извештајот за работа на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво** е изработен согласно Законот за правда на децата, Конвенцијата за правата на детето, Деловникот за работа на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Велес, Прирачник за превенција и интервенција при насилство, злоупотреба и занемарување во училиштата, акцискиот план и годишната програма за работа на општинскиот совет за превенција на детско престапништво.

Информациите во извештајот се методолошки и хронолошки Советот доследно ги изреализира приоритетните предвидени активности, значајни настани, од кои се потрудивме овој годишен извештај да содржи повеќе синтетизирани информации од продуктивното делување.

ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА
НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО